ДОКУМЕНТ ЗА ПОЛИТИКИ

# ДЕВЕТ МЕСЕЦИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА ВО ОБЛАСТ

# ЗДРАВСТВО

British Embassy Skopje

UK International Development

Partnership | Progress | Prosperity

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

ДОКУМЕНТ ЗА ПОЛИТИКИ

# ДЕВЕТ МЕСЕЦИ ОД РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА ВО ОБЛАСТА ЗДРАВСТВО

Центарот за управување со промени (ЦУП) во рамки на проектот „Преосмислување на управувањето", кој е поддржан од Владата на Обединетото Кралство преку Британската амбасада во Скопје, работи на нов модерен систем на планирање на политиките и следење на нивното спроведување, под координација од Центарот на Владата. Системот има за цел да обезбеди подобра испорака на резултати од институциите за граѓаните, токму преку зајакната координација меѓу институциите и планирање врз основа на редовно прибирање и анализа на податоци. Друга клучна цел е зајакнувањето на одговорноста за постигнување развој и за користењето на финансиските и човечките ресурси пред Владата, заради што се предвидува и редовно известување. Крајно, системот обезбедува и поголема транспарентност пред граѓаните за работата на институциите, со што се воведува и механизам на отчетност пред граѓаните.

Основата за системот е поставена во Деловникот за работа на Владата[1], чиј основен текст беше изработен исто така во рамки на проектот, во кој:

- Програмата за работа на Владата (за времетраењето на мандатот на Владата) се препознава како формален документ согласно кој се планираат политиките на среден и краток рок.
- Воведени се мандатни писма за министрите, во кои претседателот на Владата и министрите ги дефинираат главните цели за чие постигнување ќе работат во текот на својот мандат. Врз основа на целите дефинирани во мандатните писма ќе се планира работата на министерствата и другите институции.
- Дефинирана е хиерархијата на документи кои мора да се следат во планирањето на политиките со Националната развојна стратегија (НРС) на врвот.
- Воспоставена е изречна обврска за известување на период од 6 месеци за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата.
- Предвидени се тематски седници за следење на реализацијата на Програмата за работа на Владата.

Проектот тековно работи на изработка на нова Методологија за стратешко планирање во која се обезбедува усогласување на процесите на стратешко, секторско, институционално и буџетско планирање. Методологијата ги следи промените од Законот за буџети кој воспоставува планирање на петгодишен рок и намалување на матичните буџетски корисници на 27, кои треба да се одговорни за стратешките планови и буџетите на сите други буџетски корисници во нивна надлежност.

[1] „Службен весник на РСМ" бр. 276/2024 од 31.12.2024 год.




Клучен аспект на отчетноста пред граѓаните е транспарентноста во однос на планирањето и реализацијата на политиките и активностите. Како начин на доближување на Програмата за работа на Владата до граѓаните, Проектот ја изработи интерактивната веб-страница Одговорна влада (www.odgovornavlada.mk) која на едноставен јазик и преку мерливи индикатори ги прикажува планираните цели на Владата во нејзиниот мандат во следните одбрани области (согласно изразените интереси на граѓаните):

- Дигитализација
- Добро управување
- Економија и труд
- Правда и политички систем
- Европски интеграции и надворешни работи
- Енергетика
- Здравство
- Земјоделство
- Инфраструктура
- Образование
- Социјална политика, млади и демографија

Платформата им овозможува на граѓаните, граѓанските организации, медиумите и истражувачките институции на едноставен начин да видат што точно испорачува Владата споредено со тоа што го ветила. Центарот за управување со промени континуирано ја следи реализацијата на планираните резултати во Програмата за работа на Владата 2024-2028 и истото го евидентира на платформата за широко и визуелно информирање. Токму овој начин на следење се препорачува да биде преземен од страна на владините институции кои ги поседуваат податоците и кои најдобро и најпрецизно би можеле да информираат за своите постигнувања.

Платформата содржи функционалност на „семафор“, кој визуелно го прикажува степенот на реализација на секоја од мерките преку реализација на издвоениот показател на успешност за мерките кои се поставени во Програмата за работа на Владата. Дополнителна додадена вредност на платформата е опцијата за увид во предизборните ветувања, со цел да се споредат со резултатите планирани во Програмата за работа на Владата.

Овој документ за политики претставува осврт на досегашната реализација на активностите и постигнатите резултати во областа **Здравство**. Документот ги обединува планираните мерки и нивната реализација во моменталниот општествен контекст, но дава и приказ на активностите на Владата надвор од планираното. Институциите неминовно мора да се адаптираат на промените во општеството, но еднакво мора и да бидат фокусирани на исполнување на развојните резултати за подобрување на животот на граѓаните.

Бидејќи Проектот овозможи и пошироки консултации со приватниот и граѓанскиот сектор за приоритетите во одредени области, дополнителните препораки се претставени и во овој документ и на платформата www.odgovornavlada.mk за да бидат земени предвид како неопходни за напредување во областите.

Овој документ треба да служи како основа за натамошно адаптирање на политиките за оптимален прогрес, но токму според потребите на граѓаните, како и за прикажување од корист за транспарентно следење и отчет пред граѓаните.

# ОСВРТ НА ЦЕЛИТЕ И МЕРКИТЕ ВО ОБЛАСТА ЗДРАВСТВО ВО ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА 2024-2028

Во Програмата за работа на Владата 2024-2028 главна цел во областа Здравство е воспоставување на ефикасен, ефективен здравствен систем, еднакво достапен за сите граѓани. За да го оствари ова во текот на четиригодишниот мандат, Владата предвидува реализација на низа мерки кои се во насока на определени организациски промени, вклучувајќи регионализација на јавните здравствени установи (ЈЗУ), односно интеграција на ЈЗУ од терциерното здравство. Се цели кон подигнување на испораката на здравствените услуги преку зајакнување на човечките ресурси во здравството, поконкретно, преку вработување на приватните специјализанти со соодветна распределба на ресурсите согласно потребите на ЈЗУ. Особен акцент во Програмата е ставен на дигитализација во здравството, како на процесите и процедурите во рамки на установите, така и во однос на услугите кон граѓаните. Со успешна дигитализација ќе се зголеми транспарентноста кога станува збор за пристапот до здравствените услуги. Планираните активности на Владата во секторот здравство се насочени кон три главни цели:

1. Организациски и инфраструктурни реформи
2. Дигитализација на здравството
3. Здравствени политики

## 1. ОРГАНИЗАЦИСКИ И ИНФРАСТРУКТУРНИ РЕФОРМИ

Мерките во делот на организациски и инфраструктурни реформи се однесуваат на унапредување на постоечката инфраструктура на јавните здравствени установи (ЈЗУ) преку изградба на нови и реновирање на постоечките капацитети, регионализација во обезбедување на здравствени услуги, зајакнување на човечките ресурси и оптимизација на раководните структури во ЈЗУ.

Генералната заложба за јакнење на јавното здравство се отсликува преку мерките за **зајакнување на стручниот кадар во ЈЗУ и обезбедување повисоки плати** за здравствените работници. Целта е да се спречи одливот на медицински кадар како еден од најголемите предизвици со кои се соочува здравствениот систем во Република Северна Македонија.

Од оваа група на мерки засега целосно е исполнета една: **укинување на економските директори во ЈЗУ** со цел поефикасно организирање и раководење со установите, како и оптимизација на ресурсите. Во таа насока, по доставен предлог од Владата, Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за здравствената заштита[2] („Службен весник на РСМ" број 170/24) со кој се укина позицијата организациски директор на ЈЗУ.

За дел од ветеното во областа можеме да оцениме дека се започнати активности за реализација. Па така, во месец декември 2024 година потпишан е Анекс на Колективен договор за здравствената дејност според кој се предвидува **зголемување на платите на здравствените работници**, етапно, во следните 4 години [3].

[2] https://www.slvesnik.com.mk/Issues/fb83d0f4c6e042ee8f2c498beb09ef2f.pdf
[3] https://vlada.mk/node/37628


British Embassy Skopje
UK International Development Partnership | Progress | Prosperity
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ

Останатите мерки во делот на организациски и инфраструктурни реформи сè уште не се започнати со реализација. Во Програмата за работа на Владата во оваа цел може да се издвојат следните мерки:

- Отворање на Центар за ин витро фертилизација на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство;
- Отворање на нов Оддел за дигитална стоматологија, како и ставање во функција дежурна стоматолошка служба на Стоматолошкиот клинички центар „Св. Пантелејмон“ во Скопје;
- Завршување на изградбата и опремувањето на новата Универзитетска клиничка болница во Штип;
- Сеопфатна анализа на сите досегашни иницијативи, концепти, студии и проекти за изградба на нов објект за Клиничкиот центар во Скопје, како и подобрување на моменталните услови за работа на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“;
- Инфраструктурни интервенции, кадровско доекипирање и подигање на квалитетот на здравствените услуги, како и поврзување со Универзитетот во Тетово;
- Инфраструктурни интервенции, кадровско доекипирање и подигање на квалитетот на здравствените услуги и поврзување со Високата медицинска школа и Универзитетот во Битола;
- Модернизација и реконструкција на Градската општа болница „8 Септември“;
- Проект за Хируршката клиника „Свети Наум Охридски“ во центарот на Скопје да прерасне во Ургентен траума центар „Свети Наум Охридски“;
- Активирање на Ургентниот педијатриски центар на Клиниката за детски болести;
- Пуштање во употреба на болничкото крило во болницата во Струмица;
- Отворање на регионална болница во Охрид;
- Реорганизирање на Кардиолошкиот центар „Свети Стефан“ со специјалната болница „Свети Еразмо“ во Охрид;
- Реконструкција на Општата болница во Велес;
- Реконструкција на Општата болница во Прилеп;
- Завршување со изградба и опремување на Општата болница во Кичево;
- Реконструкција на објектот на психијатриската болница во Демир Хисар.

Дел од овие мерки се пресликани како планирани реформи во Реформската агенда[4] и нивната реализација е неопходна на патот кон европската интеграција. Од тие причини се очекува овие активности да бидат високо на листата на приоритети на Владата во наредниот период, а целта е консолидација на инфраструктурата во здравството преку регионализација и децентрализација на здравствените услуги со изградба на нови или реконструкција на постоечки ЈЗУ. Оттука, од сите мерки во оваа цел, како особено важни би ги истакнале:

- Изградба на Универзитетска клиничка болница во Штип;
- Изградба на Општа болница Кичево;
- Модернизација на ГОБ „8 Септември“; и
- Основање на првиот Национален центар за третман на цистична фиброза кај возрасни и деца во Заводот за респираторни заболувања – Козле.

[4] https://www.mep.gov.mk/data/file/Reformska%20Agenda/MK%20Reform%20Agenda_MK.pdf

Овие активности вклучуваат инфраструктурни и градежни зафати за кои е потребен подолг временски период, но активностите се конкретни и мерливи и нивната реализација може да се следи.

## 2. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВОТО

Дигитализација и олеснет пристап на граѓаните до услугите е генерална заложба на Владата, а еден аспект од овој сеопфатен процес е и дигитализацијата во здравството. Мерките кои се содржани во владината програма, подведени под една заедничка цел „Здравство без хартија" се следни:

- Транспарентност и намалување на листите на чекање;
- Намалување на административните обврски за медицинските работници;
- Надградување на мобилна апликација за системот „Мој термин" за сите здравствени услуги и поволности;
- Целосна дигитализација на медицински рецепти, упати, извештаи и резултати;
- Интегрален и интегриран регистар за сите пациенти во форма на Е-медицинско досие кое ќе ја содржи историјата на болести за секој пациент;
- Изработка на Е-медицински здравствен регистар на болести;
- Развој на потполно интегриран здравствен електронски систем со унифицирани бази на податоци, заедно со информатичкиот сектор на ФЗОМ од едната страна и сите приватни комерцијални даватели на услуги од областа на здравството;
- Зајакнување на системот за трансплантација на органи преку целосна дигитализација на процесите и листата за трансплантација на органи.

Во јавноста веќе отворено се дискутира за потребата за дигитализирање на одредени процеси во здравството, па во таа насока, од страна на надлежните институции **се најавува** целосна дигитализација на медицинските рецепти, упати, извештаи и резултати, и воспоставување Е-регистар на пациенти како битна алка во системот за распределба на финансиски средства за терапија. Меѓутоа, реализацијата на најавените активности не е започната и затоа сè уште нема видливи резултати за граѓаните кои најмногу треба да ги почувствуваат придобивките преку отстранување на административните пречки и побрз пристап до здравствените услуги.

Неопходноста од оптимизација на процесите ја потенцира и бизнис-секторот, препорачувајќи ѝ на Владата дека дигитализацијата на здравствениот сектор треба да биде еден од нејзините главни приоритети со цел овозможување еднаков пристап до здравствена заштита за сите граѓани[5]. Меѓу другите **препорачани мерки** се промени во процедурите за јавни набавки заради поголемо искористување на механизмот на т.н. посебни договори. Ова од причина што постоечкото решение е премногу сложено и откако е воведено ниту еден договор не е склучен на овој начин. Во насока на поголема транспарентност се препорачува и мапирање на процесот на јавно финансирање на лекови, со претставување на сите чекори, со цел да се идентификуваат празнините во процесот и да се креираат соодветни законски решенија.

---

[5] /https://amcham.mk/wp-content/uploads/2024/07/ii-healthcare-conference-report.v2.pdf

# 3. ЗДРАВСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во делот на здравствените политики, фокусот на Владата е на воспоставување долгорочни решенија кои треба да обезбедат одржлив и квалитетен систем на здравствена заштита. Мерките кои се предвидени опфаќаат носење стратегии, поддршка за специјализации за дефицитарни медицински кадри, поголема достапност до лековите и здравствените услуги.

Во оваа цел, мерките на Владата се следни:

- Усвојување на Национална здравствена стратегија и стратегија за млади лекари;
- Воспоставување на модел за намалување на цените и ограничување на маржите на лековите и медицинската опрема;
- Ревидирање и континуирано ажурирање на позитивната листа на лекови;
- Зголемување на бројот на платени специјализации за младите специјализанти од дефицитарните кадри;
- Децата од раѓање па до своето полнолетство, во случај на немање на здравствено осигурување, ќе бидат засебни носители на здравствено осигурување;
- Лекови што се на позитивната листа и треба да се рефундираат, да се подигнуваат од аптека на рецепт;
- Зголемување на акцизата за алкохол и цигари.

Од следењето на реализацијата на предвидените активности може да се заклучи дека во оваа цел отпочнати се одредени активности, како на пример **ажурирање на позитивната листа на лекови[6],** што претставува континуиран процес.

**Зголемувањето на бројот на платени специјализации** за младите специјализанти од дефицитарните кадри е тесно поврзано со мерката за зајакнување на човечките ресурси во ЈЗУ од целта Организациски и инфраструктурни реформи. Во јули 2024 година, Владата го усвои ребалансот, поточно дополнетиот Предлог-буџет на Република Северна Македонија за 2024 година, предвидувајќи средства за вработувања на 300 специјализанти во 2025 година. Активноста продолжи со објавување на огласи за вработување на 45 приватни специјализанти во различни ЈЗУ .

Што се однесува до усвојување на Национална здравствена стратегија, Министерството за здравство работи на реализација на мерките предвидени во Стратегијата за здравство 2021 – 2030 година . Ова, всушност, значи продолжување на активностите содржани во веќе постоечкиот стратешки документ и нема најави за носење на нова Национална здравствена стратегија.

Во целта Здравствени политики, една од мерките насочени кон заштита на јавното здравје е воведување на акциза за алкохол и цигари. Сè уште не е започната реализација на мерката, меѓутоа во јавноста постојано се одвива стручна дебата и се апелира за штетноста од тутунот и тутунските производи. Меѓународните организации, исто така, постојано укажуваат на значењето на системскиот пристап за контрола на употребата на тутун, но и дека националните политики треба да бидат во согласност со меѓународните стратешки документи за контрола на производството на тутунски производи.

Освен со Програмата за работа на Владата, при планирање на реформите на здравствениот систем треба да се имаат предвид и **препораките од меѓународните фактори** во областа. Неопходно е сериозно да се сфатат укажувањата од Светската здравствена организација (СЗО) дека болничкиот систем во државата е фрагментиран, со нерамномерна распределба на капацитетите и нееднаква искористеност со препораки за оптимизирање на болничкиот сектор и интегрирање на здравствените услуги. СЗО обезбедува поддршка за

[6] https://fzo.org.mk/240815-pozitivnata-lista-dopolneta-so-devet-generiki-prvpat-po-2014ta-godina

Министерството за спроведување на реформи на болничкиот сектор и во тие рамки одржана е „Прва национална консултација за реформа на болничкиот сектор во државата“ со соодветни препораки за начинот на реализација на реформите.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Од следењето на реализацијата на Програмата на Владата 2024-2028, во областа Здравство, за реализирана може да се смета мерката за укинување на позицијата организациски директор на клиниките.

Започната е и реализација на одредени активности кои се предвидени во Програмата и кои се спроведуваат континуирано во текот на целиот мандат. Тука се вбројуваат: зголемување на платите на вработените во јавните здравствени установи, вработување на приватните специјализанти, ажурирање на позитивната листа на лекови, реализација на Националната здравствена стратегија, а се очекува да се започне и со дигитализација на одредени процедури и здравствени услуги, што е исто така континуиран процес.

Реално е да се очекува дека активностите кои се дел од Реформската агенда на државата да започнат да се реализираат во најскоро време, со оглед на тоа што тие се поставени во определена временска рамка и се тесно поврзани со евроинтегративниот процес.

Треба да се истакне и фактот дека во владината програма се земени предвид препораките содржани во Извештајот на Народниот правобранител за 2023 година[7]. Меѓу другото, во овој документ, Народниот правобранител ги препорачува следните мерки**:** (1) решавање на проблемот со дефицит на лекари-специјалисти во повеќе области од медицината и вработување на потребниот медицински кадар; (2) ревидирање на позитивната листа на лекови. Меѓутоа, Народниот правобранител укажува и на неопходноста од обезбедување на долг рок терапија за пациентите со ретки болести, онколошките пациенти и оние со хронични заболувања (дијабетичари).

Покрај мерките предвидени во Програмата за работа, потребно е Владата да ги земе предвид и предлозите од стручната јавност бидејќи и тие произлегуваат од потребите на граѓаните и треба да послужат како насока при креирање на политиките. Истражувањата на Центарот за управување со промени (ЦУП)[8] покажуваат дека **неопходно е** зајакнување на капацитетите на превентивната здравствена заштита како почетна алка во системот. Соодветното екипирање на ЈЗУ и ставање акцент на превентивните здравствени услуги ќе придонесе за поквалитетна испорака на здравствените услуги на секундарно и терциерно ниво.

**Потребно е** преземање на мерки за намалување на дискреционите овластувања во здравствениот сектор, особено при именувањата и разрешувањата, вработувањата, доделување на специјализации и супспецијализации. Несоодветната примена на овие овластувања негативно се одразува врз начинот на управување со ЈЗУ, извршувањето на надлежностите и квалитетот на испораката на здравствените услуги. И Владата како мерка во борбата против корупција најавува намалување на дискреционите овластувања на именуваните лица, но засега не се преземени активности во таа насока. Нивната реализација уште повеќе добива на тежина, ако се знае дека бројот на поднесени претставки од граѓаните за сомнежи за корупција во здравствениот сектор е навистина голем.

Задолжително, **дигитализацијата на процесите треба да биде во фокусот на надлежните институции**. Само преку автоматизирање на процедурите ќе се сведат на минимум

---

[7] https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2023/GI-2023.pdf
[8] https://cup.org.mk/publication/functional-analysis-of-the-patronage-activity-in-the-territory-of-the-city-skopje-health-center-skopje

можностите за нееднаков третман на пациентите и подложност на корупција при обезбедување здравствени услуги и пристап до лекови и терапија. Во моментов, преку апликацијата „Мое здравје“, секој граѓанин има увид во податоците за личното здравје. Апликацијата е поврзана со системот „Мој термин“ од каде се преземаат податоците за прегледи кај матичен лекар, издадени и реализирани упати. Но, пациентите укажуваат дека при увид во податоците констатираат дека се издава медицинска документи во нивно име и без нивна согласност. Поради ова ќе треба да се зајакне контролата и пристапот до информации за граѓаните при користењето на овие дигитални алатки.

Континуираната дигитализација на здравствените процедури е неопходна, затоа што тоа води кон поголема транспарентност при извршување на функциите на одговорните институции, како и зајакната отчетност кон граѓаните, како предуслов за враќање на довербата во јавното здравство. Секако, не помалку приоритетни се и другите активности планирани за реализација за време на четиригодишниот мандат на Владата насочени кон крајната цел: современ здравствен систем кој ќе обезбеди квалитетна и навремена испорака на здравствени услуги за граѓаните.